Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило ( " Службен весник на Република Македонија " бр.11/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија " бр. 42/20 и 224/24 ) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.08/14,4/19, 7/19 и 1/21), по барање на **Протон Дооел**, за сечење и кастрење на дрва, Градоначалникот на Град Скопје, донесе

## РЕШЕНИЕ

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се изврши: сечење на урбано зеленило ( јавно зеленило ) на 8 (осум) дрва (5 јасени, бреза, јавор и кисело дрво), како и кастрење на 16 (шеснаесет) дрва (9 јасени, 2 кедари, 2 ореви, 2 брези и јавор) што се наоѓаат **на ул."Козара" бр.42 – Скопје.**
2. Сечењето и кастрењето на дрвата ќе го изврши ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје, најдоцна во рок од 30 дена, од денот на правосилноста на решението.
3. Сечењето и кастрењето на дрвата да се изврши стручно и на соодветен начин, како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје.
4. Се обрзува ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје, во рок од 30 дена по реализација на точка 1, од ова решение, да изврши компензациско садење на 8 (осум) дрва , постари од 6 години, на иста парцела каде што е извршено сечењето, а доколку тоа не е можно, во пречник од 500 м од исечените стебла.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

**Протон Дооел, ул. "Карпошево востание" бр.4/3-1 - Скопје,** поднесе барање до Град Скопје – Сектор за комунални работи при администрацијата на Град Скопје заведено под бр.**14-6/838** од **04.11.2025** година, за сечење и кастрење на дрвата што се наоѓаат **на ул."Козара" бр. 42 – Скопје.**
Службеникот од Град Скопје заедно со службеното лице од ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје го разгледаа барањето и извршија непосреден увид на посочената локација. При тоа е утврдено дека дрвата што се за сечење, се суви и навалени над улицата и паркинг просторот и истите се опасни да паднат и причинат материјална и друга штета и не постојат услови за пресадување на дрвата, а пак дрвата што се за кастрење имаат суви гранки и широкоразгранета крошна која треба да се обликува.
Согласно член 8 а во врска со член 1 став 2 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 , 42/20 и 224/24), јавното зеленило се зелените површини или земјиштето наменето за озеленување во границите на планскиот опфат на урбанистички план, урбанистичкопланска документација, регулациски план на генерален урбанистички план како и архитектонско-урбанистички проект.
Согласно член 9 став 1 точка 8 од горе наведениот закон, јавното зеленило, предмет на ова решение се смета за ,, друго зеленило на јавни отворени простори ,, .Надлежен субјект за реализација на ова решение е ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје.
Во член 29 став 2 од наведениот закон стои дека врз основа на поднесеното барање општината или Градот Скопје се должни да донесат решение со што ќе ја утврдат потребата за сечење, односно кастрење на оштетеното дрво, и на видливо место се

обележува дека дрвото е за сечење или кастрење со црвена боја на височина од 130 сантиметри (сечење: „С“ или кастрење: „К“).
Согласно член 36 од горе наведениот закон со решението за сечење на дрва се утврдува обврската, да се изврши компензациско садење со соодветен број дрва чиј збирен пречник одговара на пречникот на пресеченото дрво, при што новите дрва треба да бидат постари од шест години.
Во став 3 од истиот член стои дека компензациското садење се врши на истата парцела, а ако тоа не е можно, во пречник од 500 м од местото на исеченото стебло, на сопствена или туѓа парцела, со писмена согласност на сопственикот на парцелата.

Во конкретниот случај овој орган има утврдено дека се работи за јавно зеленило и е одлучено 16 (шеснаесет) дрва да бидат искастрени, а 8(осум) дрва да бидат исечени, бидејќи е констатирано дека поради состојбата на дрвата не постојат услови за пресадување.
На ЈП “Паркови и зеленило” – Скопје му е наметнато компензациско садење за дрвата за кои е дозволено сечење.
Поради се горе наведеното е одлучено како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број **14-6/838/2**
**18.11.2025** година
Скопје

**Доставено до:**Барателот, ЈП “Паркови и зеленило”-Скопје и Архива

Изработил:
**Марија Стојановска**

______________

Раководител на одделение
**Емил Дуровиќ**

______________

Помошник Раководител на сектор
**Петар Гичаровски**

______________

Градоначалник на Град Скопје
**Орце Ѓорѓиевски**

______________

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАД СКОПЈЕ-СКОПЈЕ QYTETI I SHKUPIT-SHKUP REPUBLIKA E MACEDONISË SË VERIUT